# Добра биосигурност

Без разлика дали поседувате голем имот во внатрешноста со стока и земјоделски култури или сте земјопоседник на мало парче земја на кое одгледувате зеленчук што го продавате на пазар, вие сте дел од земјоделската индустрија во Австралија.

Во Австралија нема многу од животинските и растителните штетници кои постојат во странство, но сепак постојат неколку кои би можеле да претставуваат закана за нашите земјоделски индустриски гранки, локалните заедници и поединците.

Токму затоа е неопходно да се има добра биосигурност.

Следните информативни листови ви нудат неколку едноставни мерки кои можете да ги преземете за да ги заштитете вашите животни и земјоделски производи од болести. Вие можеби веќе применувате некои од овие мерки, меѓутоа може да најдете некои кои не ги знаете. Исто така, приложен е лист со контактни информации и броеви на корисни институции.

**Значи, што е биосигурност?**

Биосигурноста (biosecurity) ги заштитува економијата, природната околина и здравјето на луѓето од штетници и болести.

Таа вклучува обиди да се спрече доаѓање на нови штетници и болести и да се помага контролирањето на епидемиите кога тие ќе се појават. Австралија воведе строги мерки за борба против епидемии.

**Зошто е важна биосигурноста?**

- Извозот на земјоделски производи секоја година и носи на Австралија 31 милијарди долари.
- Само една појава на некоја посериозна болест или штетници би ја запрела трговијата и сериозно би влијаела на вработеноста на земјоделците/сточарите и заедниците покрај оние кои се директно вклучени во земјоделството.
- Епидемија на шап и лигавка би можела да ја чини нацијата 12 милијарди долари.
- Некои штетници и болести влијаат на локалните растенија и животни.
- Некоја нова животинска болест која може да се пренесува на луѓето, на пример, птичјиот грип, САРС-от или Нипа вирусот, би можела да има влијание на здравството, школството, угостителството, патувањето, туризмот и деловните инвестиции во Австралија.
- Годишните трошоци за контролирање на растителни штетници и болести изнесуваат меѓу 700 милиони и 2 милијарди долари.
- Најголема закана на австралиската биосигурност претставуваат инвазивните видови, на пример, плевелот, подивените животни и животните штетници.

**Што можете да направите за да се намали појавата на епидемии на штетници и болести**

Постојат едноставни и разумни мерки на биосигурност кои можете да ги применувате:

- Треба да знаете на што да внимавате и веднаш пријавете ако забележете знаци на животински и растителни штетници и болести.
- Проверете го потеклото на материјалите кои доаѓаат или заминуваат од вашиот имот за да процените дали постои опасност од болест или инсекти.
- Не носете земјоделска опрема на вашиот имот без претходно да се осигурате дека таа е чиста и без траги од земја или загадувачи.
- Применувајте високи стандарди на лична чистота и дезинфекција ако работите со животни за кои се сомневате дека не се здрави или ако ракувате со сомнителен растителен материјал или почва.
- Не ги хранете животните на фармата со остатоци од храна, посебно свињите со помија.  Во ред е да им давате остатоци од зеленчук, меѓутоа хранењето со месо е илегално.
- Изолирајте ги новите животни и проверувајте ја нивната здравствена состојба 10 дена пред да ги воведете во стадото.
- Ограничете го бројот на посетители на вашата стока или земјоделски култури.
- Ако се сомневате дека се појавила болест, изолирајте ги заболените животни и не ги посетувајте фармите во соседството се додека не се утврди причината за болеста – со тоа се ограничува можноста таа да се прошири.
- Не дозволувајте вашите птици или живина да бидат во контакт со диви птици. Осигурете се дивите птици да немаат пристап до храната и водата кои ги користите за вашите птици.
- Користете семе или материјал за одгледување кои имаат потврда дека ‘не содржат штетници’.
- Не носете расад од странство без да ги добиете соодветните дозволи.
- Ако поседувате голем имот, таму каде што можете, направете ‘тампон зона’ со вашите соседи со тоа што ќе поставите дупла ограда и заштитни прегради од ветар.

**За повеќе информации**

Посетете ги Интернет страните **www.daff.gov.au/biosecurity** или телефонирајте во Австралискиот државен оддел за земјоделство, рибарство и шумарство (Australian Government Department of Agriculture, Fisheries and Forestry) на **(02) 6272 3130**.

# Здравјето на животните и биосигурноста

Не е важно дали сте производител на животни на големо или дали имате само неколку домашни галеничиња во вашиот двор, секој има важна улога во заштитата на животните од болест.

Една појава на сериозна животинска болест би можела да има катастрофални последици за целата индустрија, што би чинела милијарди долари и загуба на илјадници работни места.

Болеста се пренесува преку директни контакти меѓу животни, гризнувања и гребнатинки.  Болеста може да се пренесува и шири преку воздух, измет од животни или птици, облека, обувки, кожа, слуз, легала за животни, корита за сточна храна и вода, возила и опрема.

Болеста исто така може да се пренесува преку загадено месо, јајца и млечни производи.

Неколку животински болести може да им се пренесат на луѓето и да предизвикаат сериозни инфекции.

Вие ги познавате вашите животни и ќе знаете кога треба да бидете загрижени. Невообичаените знаци на кои треба да внимавате и да ги пријавите се:

- необјаснето  пцовисување на животни
- рани или чиреви
- претерано лигавење од устата
- пролив, особено со крв
- течење на големи колични течности од било кои отвори, на пример, од носот
- животни кои не реагираат
- животни кои не јадат соодветно или повеќе не сакаат да ја јадат сточната храна
- драматично намалување во производството, на пример, на млеко од крави или јајца од кокошки
- животни кои не реагираат
- тетеравење или паѓање на главата
- сериозно куцање и
- неспособност да се исправат.

Контактирајте  ветеринар ако забележите било кој од овие знаци кај вашите животни или било што друго што е невообичаено и **не може да се објасни со други фактори**.

**Што можете да направите за да ги намалите епидемиите на болести**

- Треба да знаете на што да внимавате и веднаш пријавете ги знаците на животинска болест.
- Проверете го потеклото на материјалите кои доаѓаат или заминуваат од вашиот имот за да процените дали постои опасност од болест.
- Изолирајте ги новите животни и проверувајте ја нивната здравствена состојба 10 дена пред да ги воведете во стадото.
- Ограничете го бројот на посетители на вашата стока или стадо.
- Не ги хранете животните на фармата со остатоци од храна, посебно свињите со помија. Во ред е да им давате остатоци од зеленчук, меѓутоа хранењето со месо е илегално.
- Ако работите со животни за кои се сомневате дека се болни, секогаш треба да ги миете рацете со сапун и жешка вода, а облеката и обувките со средство за дезинфекција.
- Ако се сомневате дека се појавила болест, изолирајте ги заболените животни и не ги посетувајте имотите на вашите соседи се додека не се утврди причината за болеста – со тоа се ограничува можноста таа да се рашири.
- Не дозволувајте вашите птици или живина да бидат во контакт со диви птици. Осигурете се дивите птици да немаат пристап до храната и водата кои ги користите за вашите птици.
- Контролирајте ги животните штетници.
- Кога купувате животни, побарајте да ви дадат потврда дека се вакцинирани или здрави.

**За поголеми имоти**

- Таму каде што е можно, направете ‘тампон зона’ со вашите соседи со тоа што ќе поставите дупла ограда и заштитни прегради од ветар.
- Не носете земјоделска опрема на вашиот имот без претходно да се осигурате дека таа е чиста и без траги од земја или загадувачи.
- Чистете и дезинфектирајте ја опремата за вакцинирање.
- Водете евиденција за тоа кои животни доаѓаат и го напуштаат вашиот имот (за повеќе информации во врска со Националната програма за идентификување на стока (National Livestock Identification Scheme) посетете ги Интернет страните www.mla.com.au/nlis).

**За да пријавите било каква невообичаена појава, ве молиме телефонирајте на:**

Информативната линија за вонредна појава на животниски болести (Emergency Animal Disease hotline) на **1800 675 888**

За повеќе информации во врска со здравјето на животните и линкови до други соодветни информации, посетете ги Интернет страните **www.daff.gov.au/piaph**

# Здравјето на растенијата и биосигурноста

Дали било кои од вашите рстенија изгледаат невообичаено или абнормално? Кај растенијата може да се појават секакви видови на листови или плодови во невообичаени форми. Во најголемиот број на случаи, тоа е вообичаена варијација, меѓутоа вреди да се провери ако видете нешто што никогаш претходно не сте го виделе – особено ако станува збор за повеќе растенија. Од искуство ќе знаете што е вообичаено-посебно ако одвојувате време да ги надгледувате вашите земјоделски култури во текот на сезоната кога тие растат.

Ако не постојат очигледни причини со кои може да се објасне некоја појава кај растенијата, тогаш можеби се работи за некој егзотичен штетник или болест; знаците на кои треба да се внимава се:

- умирање на растенијата
- прогресивно сушење на врвовите на израстоците, свенување
- опаѓање на бујноста или намалена продуктивност, пожолтување или забавување во развојот – особено на делови
- слабо никнување
- обоени дамки/точки на лисјата
- невообичаени шари или обоени делови на лисјата, стебленцата или плодовите и
- виткање на лисјата.

**Што можете да направите за да ги намалите епидемиите на штетници и болести**

- Запознајте се со штетниците и болестите кои можат да влијаат на вашите земјоделски култури и веднаш пријавете знаци на невообичаени растителни штетници и болести.
- Треба да знаете во каква состојба се наоѓа растителниот материјал кој доаѓа на вашиот имот. Ако не сте сигурни, изолирајте го се додека не се осигурате дека тој е чист.
- Ограничете го бројот на посетители на вашите земјоделски култури – со тоа се намалува штетата што може да им се нанесе на земјоделските култури и може да се спречи воведување на болести и штетници преку чизмите.
- Осигурете се земјоделската опрема која доаѓа на вашиот имот да биде чиста и на неа да нема траги од земја или загадувачи, на пример, растенија и семе.
- После работа со сомнителен растителен материјал или земја, мијте ги рацете и алатките и перете ја облеката.
- Користете семе со потврда дека ‘не содржи штетници’ или висококвалитетен материјал за расадување/садење.

- Не носете растителен материјал од странство без да ги добиете соодветните дозволи.

**За да пријавите било каква невообичаена појава кај растенијата, ве молиме телефонирајте на:**

Информативната линија за егзотични растителни штетници (Exotic Plant Pest hotline) на **1800 084 881**

За повеќе информации во врска со здравјето на растенијата и линкови до други соодветни информации, посетете ги Интернет страните **www.daff.gov.au/piaph**

# Птичји грип

За многу Австралијци, одгледувањето живина и птици претставува популарна рекреативна активност.  Треба да знаете дека авијарната инфлуенца или 'птичјиот грип' и понатаму претставува закана за сите австралиски птици.  Иако опасноста на нашите брегови да се појави некоја егзотична болест како што е птичјиот грип е многу мала, сите сопственици на птици треба будно да внимаваат на знаците на болеста.

Знаците на кои треба да се внимава вклучуваат:

- отечени глави
- пад во производството на јајца
- отежнато дишење
- пролив
- одбивање да се движат, да јадат или примаат течности
- клапнатост
- неспособност да стојат или да се движат
- невообичаено држење на главата или вратот
- безволност и
- ненадејна смрт на неколку птици.

Сите видови на птици може да бидат подлежни на авијарната инфлуенца и се покажало дека таа се јавила кај повеќе од 140 видови птици вклучувајќи ги кокошките, мисирките, фазаните, еребиците, потполошките, пајките, гуските, бисерките, ноевите и многу други птици.

**Ако продавате живина и јајца на сточни пазари**

Кога продавате јајца ако можете користете нови влошки затоа што користените може полесно да ја шират болеста. Ако користите користени влошки за јајца, чувајте ги подалеку од птици и секогаш мијте ги рацете откако сте биле во контакт со влошки за јајца пред да бидете во контакт со птиците.

Кога работите со месо од живина и јајца, секогаш практикувајте добра лична хигиена.

**Во вашиот дом**

- Одржувајте ја опремата и дворот каде што ја чувате живината или птичарникот во чиста состојба.
- Избегнувајте вашите птици да бидат во контакт со диви птици.
- Не дозволувајте храната и водата да се загадат од измет од птици или од други животни.
- Обезбедете водата што ја пијат вашите птици да биде градска, бунарска или хлорирана вода.
- Ограничете го бројот на посетители на вашите птици.

- Ако одите на изложби на птици, не дозволувајте вашите птици да бидат во директен контакт со други птици.
- После директен контакт со птици, практикувајте добра лична хигиена.
- Чувајте ги новите птици на посебно место 10 дена пред да ги внесете во вашето јато на птици.
- Научете кои се знаците на болеста.

Ако неколку од птиците што ги имате се разболат или умрат, веднаш пријавете го тоа кај локалниот ветеринар, во локалниот оддел за примарни индустриски гранки или земјоделство, или телефонирајте на Информативната линија за вонредна појава на животински болести (Emergency Animal Disease hotline) на **1800 675 888**. За повеќе информации во врска со птичјиот грип, посетете ги Интернет страните **www.daff.gov.au/birdflu**

# Што прави австралиската влада во врска со биосигурноста?

Австралиската влада вложува значителни средства за да го заштити здравјето на животните и растенијата во Австралија преку активности кои се изведуваат пред, на и после граница.

## Пред граница

Активностите кои Австралија ги спроведува пред граница ја намалуваат опасноста егзотични штетници и болести да дојдат во Австралија. Пред се, ставот на Австралија за одбрана е да им се помогне на соседните земји да ја подобрат нивната биосигурност. Дел од предграничните активности се сосредоточени на тоа да се учествува при утврдувањето трговските стандарди, проценување на опасноста од увоз, организирање на карантин во странство и заштита на нашите северни граници од упади на штетници и болести.

Следењето и надгледувањето за појава на штетници и болести во северна Австралија е една од клучните задачи на програмата 'Стратегија за карантин на Северна Австралија' (Northern Australia Quarantine Strategy - NAQS). Преку програмата NAQS постојано се спроведуваат кампањи за запознавање на луѓето со карантин и абориџинските заедници на север и соседните земји се вклучуваат во иницијативи за карантин. Преку програмата NAQS се испитуваат терени (во земјата и надвор) кои се особено чувствителни на појава на егзотични штетници и болести и состојбата на овие терени се контролира со користење на замки и животни стражари.

## На граница

На граница, Австралиската служба за карантин и инспекција (Australian Quarantine and Inspection Service - AQIS) ги запира можните закани за земјоделството во Австралија и еколошките и прехрамбените опасности по здравјето на луѓето.

AQIS ги проверува патните торби што пристигнуваат во земјата, како и карго пратките, поштата, животните, растенијата и производите од животинско и растително потекло. Целата меѓународна пошта подлежи на карантиска проверка. Патните торби на меѓународните патници кои пристигнуваат во земјата може да се проверуваат со рендген-апарат, со претрес или кучиња трагачи за работи кои може да бидат опасни и кои може треба да се задржат во карантин.

Обично може да се внесуваат млечни производи и производи од јајца, растителен материјал, продукти од животниско потекло, живи животни, семе и ореви, лешници и бадеми само ако пред пристигнувањето воземајта е добиена Дозвола за увоз од AQIS. Сите работи од овој вид за кои не е добиена дозвола ќе бидат одземени и уништени.

**После граница**

Активностите кои се спроведуваат после граница се сосредоточуваат на навремено откривање и преземање мерки при појава на опасност од штетници и болести, без разлика дали тие се наоѓаат во странство или веќе се во Австралија.

Австралија има добро воспоставени планови за контролирање на вонредни ситуации при појава на епидемии на штетници и болести, кои опфаќаат инциденти со животни, растенија, водни животни и безбедност на прехранбени продукти. Државите и териториите се одговорни за контролирање и отстранување на штетници и болести во рамките на нивните граници. Австралиската влада е одговорна за координирање меѓу државите и териториите на национално ниво и за меѓународните работи.

За повеќе информации, посетете ги Интернет страните **www.aqis.gov.au or www.daff.gov.au/piaph**

# Контакти

## Сојузна влада

**Австралиски државен оддел за земјоделство, рибарство и шумарство (Australian Government Department of Agriculture, Fisheries and Forestry)**
www.daff.gov.au/piaph Телефон: 02 6272 3933

Електронска пошта: mediacentre@daff.gov.au

За најнови информации во врска со епидемии на штетници и болести во Австралија, посетете ги Интернет страните www.outbreak.gov.au

## Државни и територијални влади

**Оддел за примарни индустриски гранки во Викторија (Victorian Department of Primary Industries)**
www.dpi.vic.gov.au Телефон: 136 186
Електронска пошта: customer.service@dpi.vic.gov.au

**Оддел за примарни индустриски гранки во Нов Јужен Велс (New South Wales Department of Primary Industries)**
www.dpi.nsw.gov.au Телефон: 02 6391 3100
Електронска пошта: nsw.agriculture@dpi.nsw.gov.au

**Оддел за примарни индустриски гранки и рибарство во Квинсленд (Queensland Department of Primary Industries and Fisheries)**
www.dpi.qld.gov.au Телефон: 13 25 23
Електронска пошта: callweb@dpi.qld.gov.au

**Оддел за земјоделство и прехрамбени производи во Западна Австралија (Western Australian Department of Agriculture and Food)**
www.agric.wa.gov.au Телефон: 08 9368 3333
Електронска пошта: enquiries@agric.wa.gov.au

**Оддел за примарни индустриски гранки и ресурси во Јужна Австралија (South Australian Department of Primary Industries and Resources)**
www.pir.sa.gov.au Телефон: 08 8226 0222

**Оддел за примарни индустриски гранки и вода во Тасманија (Tasmanian Department of Primary Industries and Water)**
www.dpiw.tas.gov.au Телефон: 1300 368 550
Електронска пошта: BPI.Enquiries@dpiw.tas.gov.au

**Општински услуги за Федералната територија на Канбера (Australian Capital Territory Municipal Services)**
www.act.gov.au Телефон: 13 2281

**Оддел за примарни индустриски гранки, рибарство и рударство во Северната Територија (Northern Territory Department of Primary Industry, Fisheries and Mines)**
www.primaryindustry.nt.gov.au Телефон: 08 8999 5511 Електронска пошта: info.DPIFM@nt.gov.au

## Индустриски органи

**Здружение за здравје на животните во Австралија (Animal Health Australia)**
www.animalhealthaustralia.com.au Телефон: 02 6232 5522
Електронска пошта: aha@animalhealthaustralia.com.au

**Здружение за здравје на растенијата во Австралија (Plant Health Australia)**
www.planthealthaustralia.com.au Телефон: 02 6260 4322

Електронска пошта: admin@phau.com.au

**Стандарди за прехрамбени производи во Австралија и Нов Зеланд (Food Standards Australia New Zealand)**
www.foodstandards.gov.au Информативна линија: 1300 652 166
Електронска пошта: advice@fsanz.gov.au

## Иформативни линии за вонредна појава на животински и растителни болести (Emergency animal and plant disease hotlines)

1800 675 888 за **птици и добиток**

1800 084 881 за **растенија**

# Земјоделски пазари

Земјоделските пазари претставуваат одличен начин на кој земјоделците можат да им ги продаваат своите производи директно на јавноста и, во возврат, потрошувачите уживаат кога имаат можност да купуваат свежи земјоделски производи од производителот.

Со забрзаниот растеж на земјоделските пазари во Австралија, тие би можеле потенцијално да го олеснат ширењето на животински и растителни штетници и болести.  Токму заради тоа е неопходно да се има добра биосигурност.

**На земјоделскиот пазар**

- Не користете иста опрема со другите сопственици на тезги без да се осигурате дека таа е чиста и дека на неа нема земја и загадувачи, дезинфицирајте ги контејнерите и опремата според потреба.
- Не ги ставајте производите од другите сопственици на тезги заедно со вашите производи, чувајте ги одвоено.
- Обезбедете земјоделските производи што ги продавате да бидат свежи и висококвалитетни.
- Секогаш практикувајте добра лична хигиена и чистота на вашата тезга затоа што болеста може да се пренесува преку облека, обувки и кожа.

**Безбедноста на прехрамбените производи и вашите обврски**

- Во различни држави и територии постојат различни барања за добивање дозвола за продавање на прехрамбени производи.  Организаторите на земјоделските пазари работат со локалната управа на тоа да се осигура сопствениците на тезги да ги исполнуваат обврските за продавање на прехрамбени производи и барањата за добивање дозвола.  Ако не сте сигурни, зборрувајте со организаторот на земјоделскиот пазар за да добиете повеќе информации.

**Кога ќе пристигнете во вашиот дом**

- Дезинфицирајте ја вашата опрема со средство за дезинфекција во домаќинството.
- Внимавајте на знаците на животинска или растителна болест и ако се појави болест, веднаш пријавете ја (видете во приложениот список).

**Овие совети и тие што се наведени во информативниот лист за *добра биосигурност* може многу да помогнат во заштитата на нашата земјоделска индустрија од штетници и болести.**

**За повеќе информации**

Посетете ги Интернет страните **www.daff.gov.au/biosecurity** или телефонирајте во Австралискиот државен оддел за земјоделство, рибарство и шумарство (Australian Government Department of Agriculture, Fisheries and Forestry) на **(02) 6272 3130**.